**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 27 мај 2002 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 15,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, Ја отворам Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Милан Ставрев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратгеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија,

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 50 гласале за, воздржано гласале 2, против гласале 5.

Бидејќи 78 пратеници се во салата, констатирам дека предлогот е усвоен.

Господинот Карангелевски бара збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Господине претседателе. Токму по оваа точка барав поинаку да се пријде на оваа седница, да не биде предмет Декларацијата, туку да се расправа малку пошироко околу мешање на нашите соседи во внатрешните работи на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа го решивме.

По тоа прашање гласавме.

Господинот Ненад Ристовски, бара збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, Мислам процедуралната забелешка беше барано да се реагира процедурално пред да се обави гласањето, бидејќи сами знаеме во Деловникот пред усвојување на дневниот ред има таква можност процедурално да се интервенира во него. Вие веднаш го ставивте на гласање дневниот ред. Но, сепак ќе ја кажеме нашата процедурална забелешка. Ние како партиија ВМРО-Македонска бараме со оглед на настаните што настанаа деновиве и бидејќи оваа точка со реакцијата на Меѓународната заедница и со таа Декларација од Парламентот на Протекторатот Косово стана ништавна, така што и комплетната расправа по оваа точка е беспредметна. И бараме таа да се преименува во расправа по однос на состојбите на нашата северна граница и евентуално со заклучоци. И бараме тоа да се стави на гласање, бидејќи ние на време реагиравме процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова што јас го применив, тоа е право на претседавачот и Собранието по тоа се изјасни. Тоа е да нема други точки и тоа е готово и да нема преиначување.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред - Предлог на Декларација за состојбите на дел од северната граница на Република Македонија кон СР Југославија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.-Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, 5 пратеници гласаа воздржано и 11 пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Господинот Замир Дика бара збор.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван господине претседател, почитуван г. Премиер, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, Јас побарав збор пред да се усвои дневниот ред. Но, сепак ќе се обидам преку ова мое излагање да го искажам ставот на Пратеничката група на Демократската партија на Албанците и да ги искажам аргументите во врска со предложената Декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, почекајте малку, да отворам претрес.

Преминуваме на точката од дневниот ред - Предлог на Декларација за состојбите на дел од северната граница на Република Македонија кон СР Југославија.

Предлогот на Декларацијата ви е доставен. - Отварам претрес.

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:** (прилог)

Почитувани пратеници, Во име на пратеничката група на ДПА ќе го искажам ставот и аргументите во врска со предложената Резолуција...

Еве, веќе по незнам кој пат пак се навраќаме на една тема која по сериозноста е навистина важна но по начинот на реакциа или реакции, мислам дека ова еуфорично однесување кон оваа прашање: ГРАНИЦАТА со Северниот сосед Косово, навистина веќе ги надминува и ГРАНИЦИТЕ на самоодлучување, на трезвено, автоктоно размислување и донесување одговорно важни одлуки. Полека навлегуваме во ДИМЕНЗИЈА НА ИНЕРЦИЈАТА И ЗОНАТА НА САМРАКОТ која сами го создаваме со нашите стравови, безконечни дилеми, бегање од индивидуална одговорност за нашите одлуки навлегувајќи несвесно во БАЛКАНСКАТА РЕКА која води надолу...

Оваа почна со импотентното обидување на Комисијата за Надворешна политика (каде што за жал и јас сум член), Комисија која полека почна да личи на Комисија за пренесување на се што другде не поминува, каде што по секоја дадена изјава на политичар во Косово се предлагаат Резолуции, осуди, и каде што секоја изјава од соседите се пренесува тврдо, без осет за политичкиот миг, ригидно, како атак врз нашите внатрешни работи, и така, по логиката на низот, кој би требало да биде математички појам, стигнуваме на една седница каде со која постои можност пак да се качиме во вртелешката од која никогаш нема да се симнеме. На почетокот ќе ни биде удобно, интересно и атрактивно, но подоцна може да ни се врти во главата.

Значи денеска се предлага Резолуција, проследена со многу тешки политички квалификации, одејќи до термини (таканаречните пратеници на Косово), кои се патем избрани од електорат, гласачи во многу мирни и завидувачки избори, а кои за жал за некои политичари тие се албанци по етнос и не се валидни можеби. Без да се осврнам на текстот на предложената декларација би сакал да го анализирам политичкиот момент и легалната или правната рамка напостапките...

На 70 Седница на Собранието, ние го Ратфикувавме Договорот за протегање и опис на границата меѓу РМ и една абстрактно-фиктивна држава СР Југославија, држава која меѓународно правно постоеше, но во процес на фактично распаѓање и која веќе не постои, со делот на една држава која сеуште меѓународно правно се дефинира но фактично екзистира со неприкосновен де факто суверенитет во незапирлив процес на етаблирање како Независна држава те Косово.

Ние како политичка партија тогаш го изгласавме тој Договор, со тоа докажувајќи дека го подржуваме територијалниот интегритет и суверенитет на РМ (по незнам кој пат), не навлегувајќи во техничките детали на тој договор, бидејќи како пратеници не сме експерти по мапи и коти. И сега мојата лична дилема по оваа тврдоглаво инсистирање за донесување на оваа Декларација е: се прашувам дали експертите кои ја подготвија и го изработија тој договор навистина експертски се однесувале или ни протуриле во тој важен миг фиксни детали кои се однесуваат на тие различни коти и незнам какви други термини. Што ако некој сакал да го искористи тој многу важен политички сигнал за интегритоетот на територијата на РМ??? Оваа тврдоглаво инсистирање ме става во таа дилема!!!

Ова го кажувам со намера да ви осврнам внимание за неоснованоста на предложената денешна Декларација и политичкиот моментум, начин на реакцијата. За волја на вистината и за да бидам пореално сватен сакам да ја интерпретирам таа Декларација на Косовскиот Парламент.

Во суштина таа Декларација го конфирмира принципот за неменливост на границите, што впрочем е и наша позиција. Ја конфирмира територијалната целовитост на Косово, а знаејќи го проблемот на поделена Митровица, принципот на неделивост на територијата на Косово во паралела со принципите на Рамковниот Договор, мислам дека се совпаѓа со позициите на сите релевантни политички партии во РМ ако се сака да се направи компарација по тој основ.

Од друг аспект, инсистирањето на Косовскиот Парламент за дефинирање на границите со соседите, знаејќи ја политичката волја на сите субјекти:

политички и неполитички на Косово, волјата на повеќе од 90% од населението за независно Косово не може да се неглижира како непостоечка и неекзистентна. Не може ноншарлантно да се однесуваме и да ги затвориме очите пред реалноста, па тврдоглаво да инсистираме дека за границата со Косово ќе разговараме само со СР Југославија (која патем не постои веќе) поради Резолуцијата 1244 на ОН.

Како ќе се изведе тоа кога се знае дека Србија нема и никогаш нема да има никаков суверенитет врз Косово не само фактички туку многу бргу сигурно не и правен, а на таа страна на границата конкретно, живеат конкретни луѓе, со конкретна сопственост итн. Што ако ние вака тврдоглаво реагираме врз секоја искажана политичка волја за независно Косово, а во меѓувреме Косово постане независна држава? Тогаш пак треба да се седне и да се Ратификува Договор со истите тие власти во Приштина, а во меѓувреме не се нашло разбирање да се убедат двете страни со експертиза да речеме за веродостојност на граничната линија. Зашто се плашиме да го тоа направиме со меѓународни експерти, тивко и без галама. Да не ја имаме можеби мувата над капата? Оваа тврдоглаво инсистирање оди во тој правец...

Да не зборувам за Правниот аспект на таа донесена Декларација. Се вели дека нема никаква меѓународна правна последица за РМ, па тогаш ако нема зашто овој непотребен инает.

Зашто баш во овој момент кога ние сме блиску до финиширањето на Рамковниот Договор, кога тргнавме смело да ги градиме мерките за враќање на довербата меѓу граѓаните.

Зашто сега кога ги правиме смелите чекори за стабилизација на состојбите во РМ така наивно се обидуваме преку оваа предложена Декларација да ја префрлиме Кризата од Косово внатре во Македонија.

Кому му оди во прилог оваа инаетчиско префрлување на топката внатре во овој Парламент, каде што очигледно со ова се прави поделба на Парламентот врз етничка основа, токму во времето кога заеднички треба да покажеме дека можеме заедно понатаму, а политичките субјекти на албанците во РМ имаат јасно искажан став за територијалниот интегритет и суверенитет на РМ.

Што ако на ваков начин почнуваме да ги абсорбираме сите нерешени спорови со соседите, на пример да донесуваме осуди и декларации за спорот со името со Р. Грција, за МПЦ со Србија, за искажани политички гледишта во врска со јазикот со Р.Бугарија итн.

На што ќе се претвориме ако губиме денови во непотребни дискусии и префрлувања внатре во Парламентот. Зарем немаме доста наши маќи, наша нетрпеливост, наша сиромаштија, проблеми со нашите вредности?

На ваков начин сигурно не помагаме...

Наместо прагматично да пристапиме кон решението на овој проблем, додека нема правни реперкусии да се седне, разговара, се прегледаат деталите ние со нашето. Наместо да го искористиме големото присуство и интерес на меѓународната заедница за дефинитивно смирување на состојбите, да ја искористиме нивната непристрасност за да докажеме дека имаме право во врска со границата, и практично едно по едно да ги разрешиме проблемите, без непотребно дигање на тензиите, во овие важни мигови, ние пак не треба со нашето . ..

Има и уште милион други мали аргументи кои одат во подршка на политиката која промовира толеранција, разбиреање, ладнокрвност, одговорност во споредба со тврдоглавата, инаетчиската политика, нетрпеливоста, недозбирањето итн. Овие милиони мали аргументи сме ние, сите граѓани на РМ кои сакаат да живеат во мир, разбирање, доверба и благосостојба.

Ние претставниците на овие граѓани треба да им го обезбедима тоа со мудро водство, со одговорни одлуки. Денеска одговорна одлука би била да продолжиме понатаму со нашите проблеми, рамковниот договор, враќањето на довербата и да ја направиме најдобрата понуда за економски просперитет..

Но, со досегашните изнесени ставови на политичките партии во оваа собрание јасно се гледа дека се инсистира во донесувањето на оваа Декларација, така што во овој момент со било какви аргументи и факти да настапиме во правец на тоа дека не ни треба донесувањето на една ваква Декларација нема да успееме да го направиме тоа. Така во име на Пратеничката Група бараме да се повлече оваа Декларација, а ако не се направи тоа, ние ќе бидеме приморани да ја напуштиме седницата затоа што не сакаме да изгубиме непотребна енергија и нерви, да бидеме учесници на подгрејување на тензиите а со тоа меѓусебно уште повеќе да се

разделиме, во моментот кога најповеќе ни е потребно, овие подобрени меѓупартиски и меѓучовечки односи уште повеќе ги предлабочиме во интерес на соживотот и имплементацијата на Рамковниот Договор...

И сосема на крај со нашето присуство не би сакале да и дадеме легитимитет на оваа непродуктивна декларација.

(Пратениците од пратеничката група на ДПА ја напуштија седницата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Стојан Попов:

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Слушајќи го првото излагање, сега и јас незнам од каде да почнам, затоа што мислам дека излагањето на г. Замир Дика заслужува коментар. Меѓутоа, можеби подоцна ќе се навратам на тоа, затоа што сметам дека апсолутно не се базираше на ниеден аргумент, иако цело време се повикува на некаква си силна аргументација со многу силни зборови дека е сето тоа во интерес на мирот, на заедничкото живеење на добрососедството, и тн., значи би рекол со еден арсенал на невидена демагогија, затоа што имаме нешто сосема спротивно во моментиве на денешната стварност во Македонија и она што ни се случува во соседството. Меѓутоа, тоа во овој момент не би го коментирал, можеби малку подоцна, ако евентуално и некој ми реплицира на мојот говор.

Би сакал да се навратам на нешто друго, би сакал да се навратам повторно на нашиот би рекол македонски феномен на глупоста, затоа што навистина ме фаќа веќе страв кога ќе видам дека двете најголеми политичи партии во Македонија кои што владееја со Македонија во изминативе 11 години кога ќе се усогласат околу нешто, значи кога делуваат со здружени сили како што впрочем тоа го направија и во Рамковниот договор и околу усогласување на промената на Уставот на Република Македонија, значи кога ќе ги видиме ВМРО и СДСМ со здружени сили, веќе знаеме дека се работи, барем јас лично за синоним на една тотална глупост која што е достојна за Гинисовата книга. Ќе се обидам да го аргументирам тоа и колку што можам да го поткрепам. пред се со логично размислување. Ми се чини дури и оној пат кога зборував околу Рамковниот договор и околу уставните промени реков дека она што се направи со тој чин кое го оквалификувавме тогаш и јас лично го оквалификував како невидено велепредавство во историјата на Македонија, дека тоа можеше тогаш единствено да се направи со здружени сили. Значи, не можеше да се направи само од партијата која што беше на власт. Затоа што уште тогаш зборував дека дури и можам да ја разберам партијата на власт под жестокиот притисок на таканаречената Меѓународна заедница на разни олеснувачи и можев дури и да најдам разбирање за големиот притисок и за одговорноста која што во тој момент можеше да се најде на плеќите на актуелната власт. Меѓутоа, уште тогаш реков дека не можам да најдам разбирање за најголемата опозициона партија која што се наоѓаше во една многу покомотна состојба каде што мораше сесрдно да ги брани националните и државните интереси на Република Македонија, а тоа не го стори, туку даде практично печат на она што беше после тоа резултирано во Рамковниот договор и во уставните промени.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Не би се навраќал на претходното затоа што за тоа навистина опширно зборувавме во свое време, само ме чуди кога ги слушам сега политичките изјави на лидерите на политичките партии, а поготово на оваа партија која сака да ни се прикаже како опозициона партија, мислам на СДСМ, каде се вели дека во наредните избори треба гласачите да препознаат кој настапува со чист образ и како се бранат интересите на Македонија. Значи, ги повикува гласачите, тоа препознавање да го направат во нивната опција и политичка партија. Мислам дека тоа е врвот на лицемерието и на демагогијата што се застапува.

Јас ретко се навраќал на она што веќе сум го зборувал, меѓутоа овој пат изгледа ќе морам да се навратам. Би сакал да си припомнам на мојата дискусија кога беше околу Законот за амнестија, веројатно поминаа 3 месеци а можеби и повеќе каде, ако се сеќавате, се обидов да зборувам дека следниот чекор на провокација кон независноста, интегритетот и сувереноста на Република Македонија ќе дојдат токму околu покренување на прашањето на т.н. доктирина која уште тогаш се обидов теоретски да ја потkрепам од излагањата на американскиот аналитичар Семјуел Хампингтон изнесени во книгата "Судир на цивилизации", значи поттикната врз доктрината на т.н. (фолтлајн) или

погрешна граница. Дека со оспорување на границата ќе се проба понатаму да се оди во територијални аспирации кон Република Македонија. Тоа беше уште тогаш и во контекст на неподржување на Законот за амнестија, ако се сеќавате, зборував дека Македонија мора да има цврст решителен став да си го брани територијалниот интегритет и суверенитетот многу јасно, многу децидно и ако се сеќавате уште тогаш зборував дека она што Меѓународната заедница, Европската унија, НАТО, ОБСЕ, САД неколку пати ни даваа можност самите да ги препознаваме крупните принципи и да видат дали ние опстојуваме на тие крупни принципи, а кога видоа дека немаме очигледно јасна визија почнаа да се случуваат разни померувања во однос на нивните ставови, нивните сигнали кои ги испраќаа до Република Македонија. Како краен резултат или илустрација на ова што го зборувам е фактот дека Меѓународната заедница во оној момент кога се исполни Рамковниот договор, беа направени уставните промени, а се уште продолжија провокациите за нарушување на територијалниот интегритет и на суверенитетот на Република Македонија преку латентната група која требаше тоа да го одржува по некакво сценарио и менаџирање на кризи која се нарече АНА, од ОНА иако нема ни АНА, ни ОНА, туку го има УЧК така што мислам дака на седницата на Макадонскиот Парламант од албанските политички партии никогаш не беа спомнувани овие термини, туку беше употребувано само името УЧК. Од Меѓународната заедница ни беше даден знак дека оние остатоци кои се уште имаат аспирации и се уште пукаат во делови на Македонија дека се квалификувани како бандити, како разбојнички банди - криминалци, мафија и не знам како дека дефинитивно Македонија треба да се справи со тие насилници кои го загрозуваат македонскиот суверенитет и интегритет. Меѓутоа, еве помина толку дог временски париод тоа се ушта не се направи и јас не можам да разбарам освен ако свасно се наседнува на одредени сцанарија за манаџирање, продуцирање на кризи па ако сакама сами да ги потпишуваме тиа сценарија, тоа е веќе друг проблем, меѓутоа, на можам да разберам зоште се уште тоа не е направено на енергичен начин каде дефинитивно ќе *се* разреши безбедносната криза во Република Македонија. Тоа е една од битните работи.

Кога зборував околу ова менаџирања на кризи или околу т.н. (Фолтлајн) која ќе биде покрената во скоро време, а еве гледаме дака интанзивно е покрената, уште тогаш зборував дека по таа теорија во чии филозофски димензии, сега на би навлегувал околу тоа дека е таа карактеризирана како војна или судири на идентитети, религии, цивилизации итн, не би навлегувал во тоа. Само би навлегол во практичната димензија на создавањето и менаџирањето на кризи. Таму многу добро се вели дека се потребни од три страни првостепена, второстепена и третостепена.

Првостепената страна е секогаш народот, значи оној кој е загрозен и кој мора да си го брани својот интегритет и суверенитет.

Второстепената страна се политичките партии во нашиот случај и од македонскиот и од албанскиот политички блок.

Третата страна е т.н. Меѓународна заедница.

Колку да ве потсетам на тоа зборување секогаш третостепената страна значи Меѓународната заедница во интерес на т.н. меѓународна глобална политика своите цели и својот интерес секогаш го изведува врз глупоста и неспособноста на второстепените страни инволвирани во конфликтот на сметка на првостепената, а тоа е народот или граѓаните на самата земја каде што се предизвикуваат тие воени судири.

Сега би сакал да кажам дека конечно македонските политичари и водечките доминантни политички структури сеедно дали од власта или од опозицијата затоа што реков само со здружени сили сето тоа се прави треба да покажат дали навистина се свесна и совесна политичка сила која работи во интерес на Република Македонија како самостојна, суверена и независна држава или пак се недокквакана политички неписмена инфантилна булумента на корумпирани и алчни поединци кои дури преминуваат и во свесни предавници на македонската држава и македонската нација, а со тоа и на сите граѓани на Република Македонија.

Околу оваа декларација што овде ни е понудена само би кажал дека е таа навистина парадигма значи пример за еден апсолутно точен и исправен текст по своите констатации, но апсолутно погрешен

по политичкиот профил и проценка. Значи, апсолутно погрешен, а тоа не наведува на еден заклучок дека дефинитивно политиката не е дисциплина или материја со која треба да се занимаваат политички дунстери - дефинитивно.

Морам да кажам дека сум згрозен од плиткоумноста на елитните македнски политичари и оваа декларација попрво би кажал дека е декларација на глупоста затоа што може да има само штетно влијание и штетно дејство по Република Македонија иако се што е напишано внатре како текст е апсолутно точно и издржано. Тука се гледа веројатно изграденоста на политичкиот ум, на политичката култура, да се процени во еден момент што и како се пласира и како се формулира.

Несватливо е, прво мислам еден лаик да го погледне ќе види дека освен констатациите кои се точни се влегува во една замка и би рекол дека самата декаларација е едно самонавлекување на македонските политичари кои повторно, свесно употребувам погрдни зборови, и се навраќам на моите квалификации уште од порано во улога на кленови, на сомови проголтуваат се во еден момент им личи дека може да доведе до зголемување, наводно, така им се чини, на политичкиот рејтинг и до замаглување на сликата кај македонската јавност и граѓанинот да заборави на она зло кое му беше нанесено со Рамковниот договор и уставните промени.

Трчајќи по евтини поени се прават невидени непромислени потези кои не се ништо друго туку навистина чиста глупост. Ако Бетовен ја направил Деветтата синфонија - Ода на радоста, ова е сигурно ода на глупоста и во изминатите десетина единаесет години направивме веројатно 99 како онаа Деветта синфонија, 99 оди на глупоста од кои почесно место може да има и оваа декларација.

Декларацијата прво, освен што констатира нешто постфестум затоа што видовме и од самата декларација се кажува дека и Меѓународната заедница и господинот Штајнер како специјален пратеник на генералниот секретар на ОН за Косово веќе тоа го отфрли со што таа потполно станува неважечка, ништавна и ништожна, единствено што се прави, тоа е од наша страна практично сака дали од незнаење или од глупост или од една недокваканост - политичка, да се даде легитимитет на нешто што не треба да се даде. Да не заборавиме, Косово сепак не е легитимна законска државна творба, туку е протекторат, а Македонија е сосема нешто друго таа е суверена држава и не може да воспоставува таков вид на комуникација со протекторат.

Прво, тоа е толку јасно и видливо што би рекол на политички лаици им е веројатно видливо освен на наши врвни политичари. Значи, се работи за самонавлекување кое е екстремно изразено во членот 11.

Видете го прво членот 9 вели: "Собранието ја поздравува одлуката на госодинот Михаел Штајнер, специјален пратеник ..., која не ја прифаќа и ја анулира Резолуцијата за заштитата на територијалниот интегритет на Косово во согласност со неговите овластувања од Резолуцијата на ООН број 1244. Со тоа се поништуваат сите правни дејствија кои произлегуваат од донесувањето на спомнатата Резолуција".

Значи, спомната Резолуција е апсолутно неважечка и ништовна.

Сега видете го членот 11 значи тотална една моронштина каде се вели "Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија и Министерството за надворешни работи пред меѓународните институции да ги покренат барањата содржани во оваа декларација, да ги следат состојбите на северната граница и за тоа да го известуваат Собранието". Навистина самите да си го бараме тоа не ми оди во глава. Значи очигледно што самите можеме да направиме штета сами на себе не може никој друг да ни ја направи. Самите бараме нешто што е потполно неважечко, нелегитимно, осудено од целата Меѓународна заедница да биде покренато пред меѓународните институции. Навистина ова е крај би рекол, дојдовме до крајот на будалаштината на овој Македонски Парламент и на политичките ставови што се формираат од политичките македонски, за жал, партии. Крај.

Би рекол само уште една до две работи ако веќе сакаме да останеме на оние констатации кои се точни, тогаш треба да бидеме многу децидни и јасни еднаш како држава пред Меѓународната политичка јавност и пред меѓународната интелектуална свера и во Европа и во светот и би можеле да кажеме дека Република Македонија ги поздравува одлуките, бидејќи се веќе донесени, на господинот Штајнер и ставовите на Европската унија, на САД, на ОН и еднаш јасно да се стави на знаење на Меѓународната зедница дека Република Македонија решително ќе го брани

суверенитетот и територијалниот интегритет на државата и дека тоа ќе го прави непоколебливо со сите расположиви средства дури и по цена на војна.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Еднаш треба да бидеме свесни дека некои работи во животот и некои високи принципи во животот, имаат и скапа цена. Дека, Република Макeднoија тоа јасно треба да го стави до знаење на меѓународната јавност, дека за такви работи и ако има такви правокации по територијалниот интегритет и по сувереноста на државата дека секоја држава почитувајќи било какво право, почнувајќи од античкото право до меѓународното современо право, има право да ја брани својата држава својата земја и со војна. Тоа, еднаш јасно во оваа држава, оваа Република Македонија треба да го стави до знаење на меѓународната заедница, а не да слушаме разни бедни демагогии за ефтини политички поени пред изборите. Незнам, СДСМ изјавува, госпоѓицата таа малата како се викаше повторно да...., дека СДСМ не е дел од проблемот, туку е дел од решението. Од кое решение е дел? Не да е дел од проблемот, туку е и корен на проблемот. Навистина, percentнавме доктори за демагогија.

Да ви кажам, како нов политички субјект кој што веројатно од големите политички партии служи или се обидуваат да направат слика на потсмев дека неможе ништо трето да има во Република Македонија како политичка опција, почнав, навистина и јас да се сомневам во некои работ и се прашувам дека било кој друг политички субјект вон постојните, условно наречени, два големи политички субјекта во Република Македонија, ако доживее било каков политички успех на наредните избори парламентарни, дека тоа може и нема да биде добро. Крајно парадоксално. Знаете зошто? Затоа што очигледно е ако двата блока се почуствуваат дека толку ослабеле или не успеат на парламентарните избори, логично е решението за нивна повторна коалиција. Затоа што, со здружени сили изгледа единствено може да се направи злото и пакоста во Македонија. Толку, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Карангелески има збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам господине претседателе, Јас нема да повторувам некои тези кои што беа изнесени од мојот колега од Партијата демократсски центар, меѓутоа, ќе се осврнам прво на еден феномен кој што ни се случува и во Собранието и на политичката сцена во однос на комуникацијата помеѓу политичките субјекти. Јас, навистина, неможам да разберам дека еден со други политички субјект, без оглед на која партија се работи, а тоа од примерот на ДПА со нивниот чин на излегување, значи да се каже нешто да се излезе несмогнувајќи храброст и сили да се сослуша и другата страна со аргументација, покажува дека фактички ние вистинска комуникација помеѓу политичките субјекти во Република Македонија немаме.

Морам да потсетам дека голем дел од вина за ваква ситуација има и ова Собрание. За тоа сме зборувале и нема да се навраќам уште минатата година при започнувањето на кризата кога пратеници тогаш велевме, го повикувавме и претседателот да свика Совет за безбедност кога почна во Танушевци, Вас господине претседателе на Собранието четири пати со писмо ве молевме да закажете седница да се разгледаат овие односи помеѓу политичките субјекти кои на некој начин влијаат на граѓаните во Република Македонија и можат да најдат или позитивно решение, мирно решение, едно решение што ќе гарантира просперитет на државата или едноставно тогаш го нареков феномен, буткање на смет под тепихот, тоа да се затрупува и ние да имаме трули темели во оваа држава и во секој момент да можат да се случат вакви настани како што сега ни се случуваат моментално на дел од северната граница. Значи немаме суштинско решавање на работите. Еднаш, треба да се затвориме тука и да не излеземе, реков и тогаш и тоа да го расправиме, гледајќи се во очи едни со други и тоа убедување после ќе ни расчисти одредени состојби и дури тогаш можеме да кажеме дека Република Македонија ги расчисти овие состојби. Не со олеснувачи, не со медијатори, отежнувачи и тн. Меѓутоа, тука сакам да кажам дека односот на ДПА укажува на една друга работа која што сериозно и мене ме загрижува, а и овие денови што имавме одгласи од граѓаните сите се загрижени. Зошто? Една теза што лебдеше, сега се потврдува дека ниту Рамковниот договор ниту уставните промени преточени преку уетавните амандмани, ниту сите закони што се донесени и што ќе се донесат во Република Македонија кои што дефинитивно го поништија или го променија граѓанскиот карактер на оваа држава **и** се воспостави карактер на една бинационална држава, фактички не се крај. Без оглед, што некој

рекол од пратениците македонски албанци, дури рече еве тоа приближно е крај. Еден беше што го спомна тоа кога ги носевме уставните амаднмани. Што тоа значи? Тоа загрижува, затоа што јас ќе се вратам на 7 ноември минатата година кога имавме иницијатива на Комисијата за надворешна политика што господинот координатор на ДПА спомна дека било кој да се јави од Косово политичар, ние носиме некои декларации или иницираме одредени теми на разговор. Не е точно. Јас на ниеден политичар, ниту некој од членовите на таа Комисија од Косово, не реагиравме. Реагиравме на односот на албанскиот парламент со нивна декларација, реагиравме на односот на декларацијата од Комисијата за надворешна политика при албанскиот парламент и нормално се поставува прашањето, прашањето е суштинско и тука е излезот од оваа криза и тука е иднината на Македонија. Дали албанците од Албанија, албанците од Косово, македонските албанци имаат иста кауза односно не ја ставаат македонските албанци македонската држава и нација и не ги гледаат тие интереси, односно влегуваат во онаа шема за која зборувавме веќе со ова, со границата, директно потврдува дека фактички се работи за територијални претензии и влегува во шема на она што е создавање на голема Албанија или Косово сеедно.

Од тие причини јас сум задоволен делумно што тогаш после многу убедување, после неколку месеци, почнувајќи од 7 ноември минатата година донесовме како Комисија за надворешна политика заклучоци од кои што се иземаа односно неприсуствуваа и исто така како денеска ја напуштија таа седница при гласањето пратениците од ПДП и од ДПА. Заклучоци со кои се осврна Комисијата за надворешна политика на овој Парламент на двете декларации што ги спомнав. Бидејќи е многу суштинско и за сите пратеници да знаат што не се членови на таа Комисија а и за јавноста ќе прочитам дел, една реченица од Декларација на Собранието на Република Албанија, донесена на 9 март во Тирана 2001 година. Тогаш, јас барав таа точка и овие заклучоци да се разгледаат на сесија на Собранието не беше предложено и не беше усвоено. Ние, сега, имаме ситуација да ја ставаме декларацијата на некоја си резолуција од некоја си локална самоуправа и не сакам да се навраќам на тоа, влегуваме во една шема да се расправаме со протекторат.Тогаш, со исто така суверена држава не смогнавме сили. Зошто? Па не беа избори, за неколку месеци. Еве ја таа реченица, која е директно мешање во внатрешните работи на Република Македонија. Вели, во третиот став, последната реченица: "Албанците кои живеат на двете страни од границата се работи на границата помеѓу СРЈ и Република Македонија, имаат постојани врски и нивно движење не може да се спречи. Додека, спогодбата потпишана во Скопје, од претседателот на Македонија и господин Коштуница за линија на границата меѓу двете земји е неспроведлива. Тоа е текстот од Декларацијата на албанскиот парламент. Ние, тогаш донесовме следни заклучоци: Јас и стои во заклучоците, замолив и тоа се усвои, велам со иземање на пратениците од ДПА и ПДП, овие заклучоци да се достават и до претседателот на државата до Владата на Република Македонија и до Парламентот, до сите пратеници, до Министерството за надворешни работи, до сите релевантни меѓународни организации и сите медиуми. Тоа воопшто не беше објавено. Сега ќе ги прочита заклучоците кои што се донесени во март оваа година. Значи, два месеци наназад, после пет месеци расправа односно бегање на пратениците и од едната и од другата голема партија, за пратениците од ПДП и од ДПА, не ме чудеше и тие заклучоци се следните:

1. Комисијата констатира (се работи за Комисија за надворешна политика на Македонскиот Парламент) дека во изминатиот период Република Македонија својата надворешна политика ја заснова врз принципите на отвореност, пријателство и добрососедски односи. Во тој дух е однесувањето **и** претставувањето на нашата држава на релевантните претставници на македонскаста власт на сите нивоа, билатерални, регионални, мултилатерални.

2. Комисијата со загриженост констатира дека дел од политиката на некои соседни земји е спротивна на негувањето на добрососедските односи а одделни ставови претставуваат дури и директно мешање во внатрешните работи на нашата држава.

3. Комисијата укажува дека ставовите содржани во Декларацијата на Парламентот на Република Албанија од 9 март 2002 година и на Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Република Албанија од 27 септември 2001 година, се дискретно мешање во внатрешните работи на нашата држава и како такви Комисијата енергично ги отфрла. Комисијата оцени дека овие ставови имаат негативни влијанија врз сите граѓани на нашата држава и не придонесуваат за

негување и унапредување на добрососедските односи. Ова, особено се однесува на проблематизирање на договорот за протегање и опис на државната граница меѓу Република Македонија и СР Југославија во делот спрема Косово.

4. Комисијата укажува дека Владата на Република Македонија и сите други надлежни институции и понатаму е потребно перманентно да ја следат состојбата и да преземат соодветни и навремени мерки за зачувување на државниот суверенитет и интегритет и за одржување и негување на добрососедските односи.

5. Комисијата укажува на потребата Владата на Република Македонија и надлежните органи на Репбулика Македонија постојано координирано и синхронизирано да преземаат соодветни мерки и активности од делокругот на своите надлежности и во овие рамки и понатаму да ги информираат мегународните организации за активности кои имаат карактер на мешање во внатрешните работи на една суверена држава.

6. Комисијата се залага за унапредување на соработката со комисиите за надворешна политика на парламентите од соседните држави на Република Македонија во насока на давање единствена и јасна осуда за дејствување на сите екстремни групации, особено на албанските екстремисти и нивните терористички активности, заради обезбедување на траен мир на сите жители во регионот.

7. Комисијата апелира до сите меѓународни организации и тн. и тн.

Има и точка 8, но сега не сакам со тоа да ве заморувам. Што тоа значи? Ние, тогаш кога имавме директно мешање со декларации од една соседна држава, не најдовме за сходно да се позанимаваме и да донесеме свои решенија, туку сега тоа го правиме за еден протекорат. Значи прва и основна работа, не сакам да се навраќам на тоа господинот Попов објасни во што е работата.

За каснењето секогаш се плаќа една казна. Ние минатата година ја плативме казната, сега нема да дозволиме тоа истото да се случи. Сега што имаме? Веќе се закажува на неколку комисии седници каде што ќе го разгледуваме извештајот од Европската Унија за Република Македонија. Таму има одредени квалификации, бидејќи ние не сме реагирале, јас дури се прашувам и дали овие заклучоци, според она што е напишано се дадени до меѓународните институции и организации, зашто во извештајот пишува нешто сосема друго. Фактички, по тој извештај само ние сме виновни за состојбата, за мирот, за меѓуетничките тензии итн. едноставно, нема мешање ниту од албанските институции, ниту од протекторатот и тн.

Од тие причини, господине претседателе, јас процедурално се јавив, вие избрзавте и истеравте вака дневен ред, алал ви вера, меѓутоа јас се јавив да кажам дека ова треба единствено пристапот би бил исправен кога ние би расправале за таа поширока тема. И, тоа еднаш јасно да им се претстави на меѓународната заедница, таканаречена, и да се каже дека еве постои една свест политичка, постои знаење и мудрост во Република Македонија, еднаш да се смогнат сили во овој Парламент да се донесе нешто паметно и на сите да им се каже дека ние имаме јасни ставови и дека унисон размислуваме.

Решението, да, за вас што велите да се скрати не е битно круцијално прашање од национален интерес на Република Македонија, решението единствено за кое и ние се залагаме во Партијата Демократски центар, долгорочно и стратешко е во дефинирањето на македонската нација и нејзините интереси треба да бидат интерес на секој од таа нација и сме зборувале дека дефинирањето на македонската нација подразбираме сите граѓани на Република Македонија. И, еднаш, не само вербално, туку и суштински сите треба да се изјаснат. Прво, тука луѓето што дадоа заклетва пред Уставот на Република Македонија, да се изјаснат дали се за Република Македонија и дали се против сите оние што имаат територијални претензии и што имаат претензии за создавање и поддржуваат тези за создавање на големи држави, други причини криминални за остварување на територии со нецелосна власт без интегритет и суверенитет на една држава, не навлегувам на тие вишеслојни анализи што сме ги правеле многу пати во овој Парламент. Сега, зборувам дека еднаш тоа

прашање треба да се отвори и да видиме дали сите овде да се изјаснат, не двојам ни по етничка, ни по религоозна ни по никаква друга линија пратеници да се изјаснат **и** да го отвориме тој дијалог. Ако ја немаме оваа комуникација, најлесно е да си кажеме што сакаме и да си излеземе од ова Собрание. Тогаш ова Собрание нема никаква функција.

Тогаш, не ќе можеме да излеземе од оваа криза во која што се наоѓаме.

Конечно, бидејќи веќе е кажано во врска со текстот, јас реков горе долу ние излеговме на прес и рековме текстот може да се проголта без некои ситни работи кои навидум се ситни, меѓутоа се крупни.

Првата точка каде што се вели, ако зборуваме сега по текстот:"Собранието уште еднаш констатира дека границите на Република Македонија со сите соседни држави јасно се дефинирани и истите се потврдени со валидни меѓународни, билатерални договори и не постојат спорни прашања покренати од ниту една соседна земја".

Господине претседателе, јас ги прочитав заклучоците на нашата Комисија за надворешна политика. Дали сметате дека, ги прашувам не Вас, туку сите пратеници, со оглед на заклучоци кои што се изгласани во една Комисија, дека може ваков текст да оди. Имаме проблем со декларацијата од албанскиот парламент. Треба јасно да им се каже, можеби луѓето ќе се исправат.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Понатаму, во точка 2 се вели: "Собранието оценува дека покренувањето на прашањето на валидноста на делот на северната граница кон Косово од страна на субјект" - ние за тоа велиме "субјект", тоа е некој орган на некој си протекторат и т.н., не сакам да одземам време со вакви анализи на текстот, кој што, како што го изрече тоа и мојот колега Попов, апсолутно како да го правеле мали деца.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, премиере, министри, почитувани колеги, Како што ви е познато, претставничкото тело на привремените институции на самоуправа на Косово донесе Резолуција на 23 мај 2002 година, со која покрај другото го покренува прашањето на валидноста на делот на северната граница на Република Македонија кон СР Југославија кон делот кон Косово. Факт е дека Резолуцијата е донесена од страна од страна на орган, на субјект кој е меѓународен протекторат под управа на Организацијата на Обединетите Нации, односно од претставничко тело на привремените институции на самоуправа на Косово, кое нема надлежност и основа да расправа за прашање за уредување на меѓудржавни односи. Имено, се работи за донесување на акт односно резолуција од страна на ентитет кој нема меѓународно признат државно правен субјективитет, па од таму произведува невалидни акти.

Токму затоа, меѓународната заедница претставена од господинот Михаил Штајнер, специјален пратеник на генералниот секретар на ООН за Косово, донесен одлука со која не ја прифаќа и ја анулира резолуцијата за заштита на територијалниот интегритет на Косово. Однесувањето на господинот Штајнер е за поздравување, со оглед дека истото е во согласност со неговите овластувања од резолуцијата на ОН број 1244. Со тоа се поништуваат сите правни дејствија кои произлегуваат од донесувањето на споменатата резолуција. Така реагираа и сите други меѓународни организации, со што сите сте запознати. За прв пат меѓународната заедница е целосно единствена во осудата на овој настан.

Се поставувва прашањето зошто е потребно Собранието на Република Македонија да расправа денес и да заземе став по споменатата резолуција на привременото собрание на Косово. Се слушнаа оценки дека веќе нема потреба од било што да се презема, затоа што работата била завршена. Сакам да потсетам дека овде не се расправа по резолуцијата како правен акт, туку за политиката што се предлага со неа, како и за политичките и безбедносните последици кои произлегуваат од неа. Тоа треба да се има предвид и да се заземе јасен став кон ова прашање. Имено, доколку се разгорува стабилноста и безбедноста на земјата од било кого, без разлика на неговиот облик и институционална форма, секој во земјата што е надлежен да реагира, треба да го направи тоа во согласност со овластувањата што ги има. Со спомената резолуција се задира токму во стабилноста и безбедноста на земјата, се оспоруваат границите и територијалниот интегритет на земјата, се загрозуваат луѓето, нивното физичко опстојување, нивните имоти и нивните слободи на движења и работа. Тоа се факти. Кој има интерес да ги премолчи овие атаци кои се заговараат од косовската страна, и не само тоа, туку веќе се дејствува со вооружена сила. Да потсетам, и ОВК не постоеше во одреден период, па предизвика турбуленции со далекусежни последици.

Треба да се има предвид дека покрај политичкото оспорување,

синхронизирано се појави и воено дејствување против македонските безбедносни сили токму на истата граница што е оспорена од нелегитимен ентитет. Кога ќе се поврзат овие две работи, станува јасно зошто е потребно Собрание да реагира и да донесе декларација во која ќе го изрази својот однос кон појавените настани и прашања. Значи, не зборувам за формата, за која се зафатија да ни ја објаснуваат некои таканаречени експерти, туку суштината на нештата, а тоа е опстојувањето на државата, Република Македонија. Токму тоа и го сфатија меѓународните структури кои реагираа онака како што треба и во согласност со принципите на Меѓународното право, а тоа е потребно да го сториме и ние како народни избраници.

Некои пред седницата ми поставија прашање дали нема да се распава по ова прашање, да се направи поделба меѓу македонските и албанските пратеници во Парламентот. Искрено велам дека не треба, затоа што сите ние сме граѓани на Република Македонија и наш заеднички интерес е да ја браниме и сочуваме државната граница. Затоа треба да го искажеме нашиот однос и заеднички да се спротивставиме на атаците кон безбедноста и стабилноста на Македонија.

Исто така, со разочарување констатиравме дека привременото собрание на Косово, наместо да се занимава со развој на демократските институции на Косово и со јасно дефинираните надлежности во согласност со Резолуцијата на ОН број 1244, заради што е и востановено, се ангажира во расправа и одлучување за прашања од меѓународен карактер за кое не е надлежно. Тоа е сигнал за воено дејствување против македонската држава и затоа не може да се премине преку тоа.

Врз таа основа, предлагам Собранието на РМ енергично да ја отфрли спомената резолуција на претставничкото тело на привремените институции на самоуправа на Косово како смислен удар врз процесот на имплементација на Рамковниот договор и како подготовка за создавање претпоставки за идно преуредување на граничните односи. Овој акт претставува мешање во внатрешните работи на РМ и обид за оправдување на досегашното инволвирање на лица од Косово, вооружените терористички и други насилни дејствија во РМ, како и за можна идна примена на средства, на сила и насилство во регионот.

Токму затоа, Собранието не смее да го премолчи овој смислен напад врз интегритетот на земјата која треба да се брани. Ние треба да ги охрабриме бранителите на нашите граници уште побудно да се грижат за нашата безбедност и за одбрана на интегритетот на земјата, да го развиеме чувството за одбрана на нашата татковина е во заедништво да ги оствариме принципите за кои сме избрани од граѓаните на РМ. Доколку не се произнесеме, ќе значи дека премолчено се согласуваме со обидите што се прават од другата страна на гарниците и со вооружените атаци кои сега секојдневно се случуваат.

Меѓународната заедница го искажа својот став за ова прашање и редно е и ние како орган на законодавната власт да го искажеме својот став со донесување на предложената декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубчо Георгиевски, претседател на Владата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието, почитувани министри, почитувасни пратеници, Дозволете ми како премиер на Владата на Република Македонија да ги кажам моите аргументи зошто Парламентот треба да ја подржи оваа декларација не навлегувајќи во самиот текст и на самиот почеток давајќи една идеја дека сигурно декларацијата, ако се прифати од сите од сите пратенички групи и македонски и албански, може да претрпи дискусија, треба да се разговара за неа, треба да се разговара за членовите, меѓутоа, да остане основната поента: отфрлање и осудување на резолуцијата која дојде од Косовскиот парламент.

Ќе се обидам да се задржам на неколку проблеми кои произлегуваат од оваа новонастанатата ситуација и ќе се обидам да ја доловам сериозноста за сегашноста и иднината на нашиот народ и нашите граѓани и на нашата држава од овој, верувам непромислен или добро промислен акт кој дојде од Косовскиот парламент.

Прво, што значат во светот непризнаени граници? Мислам дека треба да посочиме само неколку примери и многу јасно ќе ни дојде предсликата дека непризнаена граница е отворено трајно жариште, отворена трајна дестабилизација

на тие две земји кои не ги признаваат границите, а со тоа би рекол и на целиот регион. Не сакам да спомнувам многу примери, затоа што примерите ги знаеме. Индија и Пакистан со своите непризнаени граници ги гледаме 40 години во континуирана и перманентна војна со одредени примирја, Северна и Јужна Кореја со 38-та паралела која е денес најголемиот ров на светот, Кипар Северен и Јужен кој не си ги признава границите со исто така Обединети нации на тие граници и со исто така вперени пушки секој ден едни кон други. Босна и Херцеговина пред Дејтонскиот договор исто така беше добар пример, Сирија која не ја признава границата на Либан и во секој момент по сопствена желба си праќа 5 до 10 илјади војници, кога како има потреба, за да ги брани своите интереси во Либан. Значи, примерите што значи непризнаена граница меѓу два соседи, па макар да биде од другата страна и протекторат, затоа што многу од тие што ги спомнав се и протекторат или не до крај признаени држави се многу јасни и познати во нашата меѓународна практика.

Проблемот што ние го имаме произлегува од две страни. Значи, не само што не се признава легитимитетот на двете држави, Југославија и Македонија да го признаат тој договор за својата граница, туку ние заедно со тоа имаме и територијални претензии кои можевме да ги слушнеме на неколку пати, некогаш се спомнуваат 400 хектари, некогаш 2.500 хектари, во исто време гледаме многу мапи во кои на Косово е придодадена барем половина Македонија. Значи, ние овде само формалното прашање, како што некои сакаат да го претстават, не од овде од Парламентот, туку некои дипломати дека само косоварите имате желба тие да ја потпишат со Македонија границата, а не тоа да биде Белград, туку значи имаме Непризнавање на договорот и во исто време имаме и територијална претензија сврзана заедно со истиот проблем.

Нормално, второто прашање што треба да се одговори и гледам тоа предизвика веќе одредена полемика, е како Македонија треба да реагира. За жал, тука морам да кажам дека ги слушам и читам мислењата на некои советници од Кабинетот на Претседателот на Републиката кои ги кажуваат дека Македонскиот парламент не треба и не смее да си дозволи да се спушти на нивото на Косовскиот парламент, како треба да го чуваме достоинството на македонските институции, како треба да се грижиме за нашите институции и односи да не влегуваме во дневниот ред на Косовскиот парламент и можеби тоа мислење од некои парламентарци е издржано, меѓутоа, не можам да сфатам и не можам да го подржам кога доаѓа од некои советници од Кабинетот на Претседателот, затоа што истите тие советници многу добро ги знам како во Охрид не им беше под ниво да разговараат за платформата на командант Нули, за платформата на командант Лека, Џаџи, Ахмети, истите тие советници што сега ни држат предавања за достоинството на Парламентот, во Охрид цело време не убедуваа колку е важно да разговараме за платформата на веќе споменатите команданти, за да дојдеме дло траен сигурен мир, да го завршиме еднаш прашањето и сите отворени прашања, и албанското прашање во Македонија. меѓутоа и во регионот.

Ќе потенцирам, оваа полемика не е за некои пратеници кои размислуваат така, меѓутоа оваа полемика е токму за тие советници кои многу добро знам како лесно ги прифаќаа платформите на Нули и Лека, а сега ни кажуваат за достоинството и ни кажуваат за нашето ниво што треба даго држиме.

Во таа насока само уште ќе дополнам, не се секиравме за нашето достоинство кога зборувавме под притисок на тероризмот, не се секиравме за нашето достоинство кога гласавме уставни промени со сеуште нереинтегрирана територија, сега на истите тие луѓе им текна да зборуваат за достоинството и за нивото кое треба да го запазиме.

Веднаш со ова прашање се поставува прашањето за легитимитетот и компетентноста на Косовскиот парламент кој ја има донесено оваа резолуција.

Значи, уште еднаш сакам овде да потенцирам дека проблемот на легитимитетот на Косовскиот парламент не е спорен. Значи, како што кажа господинот Дика и како зборуваа сита меѓународни институции, ние од другата страна имаме легитимен Косовски парламент и што и да кажеме овде, никој не може да ја оспори легитимноста на Косовскиот парламент, затоа што тие избори беа организирани со помош на меѓународната заедница, тие избори беа поздравени од меѓународната заадница, беа потврдени од меѓународната заедница и денешниот однос на целата меѓународна заедница спрема Косовскиот

парламент е како однос спрема легитимен парламент.

Вториот проблем, нивото, дали треба да разговараме со парламент кој е во еден протекторат на ОН, јас исто така сакам тука да спомнам дека тоа не треба да го гледаме како предност, туку да го гледаме како уште поголема слабост, затоа што ОН под чија закрила е Косовскиот парламент дозволила да се случи еден таков чин. Значи, проблемот не се намалува со ова што Косовскиот парламент донел таква декларација под позиција на протекторат, туку проблемот се зголемува со тоа што ние имаме резолуција на еден протекторат односно еден косовски легитимен парламент, кој има официјален и формален статус на протекторат.

Во таа насока, сакам само да дополнам уште неколку работи. Тука има две димензии. Едната е меѓудржавната, меѓународната и правно формалната. Јас тука се согласувам со многу дискусии кои можевме да ги видиме деновиве дека можеби е се во ред со правната димензија, одлични се одлуките на ОН, НАТО, ЕУ, на многу други меѓународни оргнаизации и институции и држави, кои ја осудија оваа постапка на Косовскиот парламент и освен тоа што уште еднаш можам да кажам дека е тоа многу добро, сакам да ве потсетам сите вас дека во светот има многу резолуции од ООН и од многу Меѓународни институции како треба да се решат проблемите, меѓутоа, во реалноста гледаме дека не се решени. Класичен пример е Израел, Советот за безбедност има 40 години резолуција дека треба да има палестинска држава, меѓутоа, палестинската држава ја нема и има многу други такви примери во светот.

Значи, за жал, имаме многу такви несимпатични меѓународни преседани, а сакам да ве потсетам дека истите тие изјави на осуда, негирање, подршка на Македонија ги добивме и пред една ипол година кога се отвори Танушевци и исто така многу видовме дека за кратко време, со помошта на меѓународната медиумска пропаганда, проблемот одеднаш се префрли од едната на другата страна, така што овие декларации се многу добри, меѓутоа, ве уверувам, ако машинеријата како што е планирана тргне понатаму, за кратко време ќе гледаме на Би Би Си, на Си Ен Ен како практично Македонија е проблемот и дека навистина треба да им се излезе во пресрет на барањата на Косовскиот парламент и косовските институции.

Токму заради тоа, да не заборавиме во таа насока дека тој протекторат има свои институции. Јас не би се задржувал другите институции како функционираат, меѓутоа, ќе кажам една институција, Косовскиот заштитен корпус со околу 4.000 - 5.000 вооружени војници кои се платени од ОН, многу добро функционира и можеби тоа е единствената институција која таму функционира така како што ќе им се каже. Проблемите што ги имавме со косовскиот заштитен корпус минатата година ни беа познати на сите нас, а за жал можам да кажам дека тие секојдневно ни даваа докази дека тие примери можат да се зголемат и да се зајакнат.

Значи, едно е јасно дека независно од сите овие меѓународни декларации, кои треба да ги познаваме, ние имаме реален проблем со Косово, со волјата на 90% од косовските граѓани, претпоставувам со исклучок на некои малцинства што не го поддржуваат тоа, имаме реален проблем со легитимните косовски институции, како што е претседател на држава, премиер на Влада, парламентарни групи од сите политички партии, така што една е димензијата што е тоа што го кажуваат меѓународните организации, друга е димензијата на реалниот проблем. И тој реален проблем нас денес не внесува во една нова агонија, која може едноставно да ја следиме дали вчера, денес, утре, како што можевме да видиме во минатата недела дека имавме неколку инциденти и тоа многу сериозни.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Тие инциденти можат да бидат повремени, тие инциденти можат да бидат брутални напади, тие инциденти можат одредено време да се смират, па по три години, кога ќе се решава статусот на Косово, повторно бурно да се отворат. Значи, не е проблемот кога тие инциденти ќе бидат, проблемот е во тоа што Косовскиот парламент за своите институции, за сопственикот КЗК, за сопствените органи на полицијата што ги имаат таму им дава легитимитет и отворено право да ја оспоруваат границата со Република Македонија. Дали тоа ќе биде со шверц, дали тоа ќе биде со нелегално преминување, дали тоа ќе бидв со демонстрации, инциденти, со напади и сето она што произлегува од она класично произлегување и проблематизирање на границите.

Значи, формално-правно, можеме ние и да се согласиме со дел од овие дискусии, меѓутоа, не можеме да бегаме од реалноста. А реалноста е дека имаме изразена волја на косовските граѓани, преку нивните легитимни институции да оспоруваат и да имаат територијални претензии спрема својот сосед.

Во една таква атмосфера, минимум што можвме ние да направиме е да ја донесеме оваа декларација, не навлегувајќи во содржината и за промените за кои можат да се договорат измена или промена на членовите, а најмала работа е што треба да се направи донесување на оваа декларација, не затоа што ги гледаме толку правно формалните димензии дали имаме ниво, или немаме ниво, дали имаме достоинство, или немаме достоинство, отколку што непреземањето и недонесувањето на таква декларација и дава уште полегитимно право на другата страна, постојано да ја брани тезата дека од Македонија нема никаков контра одговор, значи она што ние го зборуваме е во ред и ние понатаму можеме да продолжиме со оваа дискусија и со ова територијално барање.

Конечно сакам да кажам за една друга ситуација, можеби во оваа ситуација не е толку важно, меѓутоа, смејам да ја спомнам, а тоа е финансиската димензија на одржувањето на силите, пунктовите и на армијата и на полицијата во текот на крајот на оваа година и понатаму во наредните години додека ова прашање не се затвори. Ние со голема радост и со големо задоволство правевме разни проекции на драстично намалување и на војните и на полициските пунктови веќе од оваа есен, верувајки дека Охридскиот договор е крај, затворено прашање на сите овие дилеми, драстично намалување на буџетот на Република Македонија, финансиско ослободување, наместо да го трошиме за резервистите, да го трошиме за други позитивни работи, за жал, ова отворање на границата, не само што не ни дозволува да влеземе во таква авантура на намалување на пунктовите, туку очигледно, дека Македонија во наредната деценија ќе ја претвори во една постојана, континуирана полувоена состојба, во која било која Влада ќе мора да издржува најмалку неколку иљадници резервисти, војници и полицајци, затоа што незнаеме кој ден, кој месец, или која година ќе имаме легитимен упад од другата страна и нарушување повторно на мирот и безбедност на нашите граѓани.

И као што реков, можеби ова е најмало прашање, меѓутоа, сакам да ве предупредам на оваа ситуација. Ќе се задржам малку и на резолуцијата за Охридскиот Договор.

Почитувани пратеници, уште еднаш само се покажува, можеби како наша морална државна сатисфакција дека минатогодишната криза, која почна исто така, два дена по потпишувањето на Договорот со соседна Југославија за границата меѓу Макеоднија и Југославија, кога се отвори кризата, воопшто не е затворена. Уште еднаш само се покажува дека нападот, агресијата која што беше извршена од Косовска страна минатата годужа, широко поддржана со класични терористички акции, немаше за цел Охридски договор, туку имаше за цел територијално освојување. И можеби уште еднаш само еве сите ние заеднички да кажеме дека можеби со сите жртви да си дадеме признание дека очигледно, некои темни сценарија ги спречифме, успеавме да направиме одбрана, да го восзвратиме ударот и можеби она сценарио кое што беше замислено минатата година да го преточиме во Охридски договор, меѓутоа она што е жално, и она што очигледно, сите ние го гледаме дека веќе второто полувреме со оваа Резолуција е отворено.

За целите, ќе зборувам на крајот, можеме да правиме многу претпоставки, меѓутоа, факт е дека она во што сите ние верувавме дека Охридскито договор е крај и точка на сите албански барања и нормални, и екстремни барања е завршено. Не сакам тука да спомнувам дека тогашните олеснувачи, посебно г-динот Перdју беше во секојдневна активна комуникација со Косовските лидери. Многу од тие лидери тука доаѓаа, тој одеше постојано таму. И во самиот Охридски договор беа активно вклучени косовските структури. Значи, не само што ништо не е решено, туку, очигледно, многу работи се отворени и допрва треба да ги гледаме идните потези на оваа нова дестабилизација, не само меѓу двете држави Македонија и Југославија, односно Србија и Црна Гора, туку и од целиот регион.

Во таа насока, јас само сакам да потенцирам дека се надевам дека Македонскиот парламент до крајот ќе ја изврши својата улога, да ги помине овие последни документи од Охридскиот договор, меѓутоа, не можеме да не кажеме деак со оваа резолуција, за жал, нашиот многу фален Охридски договор е

комплетно девалвиран. Тоа е она што го гледаме во овој момент. Не знам како се чувствуваат меѓународните претставници кои учествуваа во тој проект, кои навиваа во тој проект, кои ни кажуваа такви приказни, онакви приказни, меѓутоа, се надевам дека кај истите тие, исто така, го има тоа чувство на девалвација на целиот овој труд со кој се занимававме година ипол во оваа македонска држава, или потрошивме толку енергија, за да дојдеме до трајни решенија и да дојдеме до таа нестабилност.

Конечно почитувани пратеници, дозволете ми да кажам неколку зборови за Меѓународната заедница, односно за одредени структури на Меѓународната заедница. Сакам да спомнам малку за историјатот на овој проблем со косовската резолуција и со косовскиот парламент. Ќа Ва потсетам дака прв овој проблам го отвори едан генерал на амариканската војска не се сеќавам на неговото име, некада пред неколку месеци, потоа на ист начин оваа заадница ја оспори УМНИК, со еден нивен портпарол. Однесувањето на г-динот Штајнар за цело врама до вчера можам да кажам според мене беше максимално контрадикторно,. Мислам дека не направи ништо да го спречи ова донасување на оваа резолуција од косовска страна. Напротив, мислам дека тој и многу отворено даваше подршка на косовската страна. Еве само ќе ви прочитам едно писмо од Кабинетот на г-динот Штајнар испратено на 18 април до мојот кабинет. Во неколку мали детапи вели: "Ви пишувам во врска со прашањата што произлегуваат од Договорот меѓу поранешната Југословенска Република Макадонија и Федаративна Република Југославија за промана на границата меѓу овие две држави. Како што знаате, специјапниот претставник на генералниот секратар Штајнар се согласи со претседателот минатиот месец да се формира заедничко експертско тело, кое ќе ги решава практичните проблеми што произлагуваат повторно од промената на границата. Ушта еднаш промената резултира со засилувања на многу косовски албанци, понатаму нов цитат:"Знаете и дака промананата на границата прадизвика многу негативна реакција кај косовските парламантарци", а тоа е писмо од 18 април, каде што Штајнер буквално зборува со тезите на косовскиот парламант. Затоа, овде приказните, кои некој сака да ни ги сервира, не од парламентот, туку од разни кабинети дека Меѓународната заедница направила многу за да не дојде таа косовска резолузија, јас почитувани пратеници, сакам најотворено да изразам сомнеж пред сите вас дека ние во Македонија и ние кои ги претставуваме македонските државни институции многу добро знаеме дека минатата година што се може да употреби Меѓународната заедница, кога сака да постигне нешто.

За жал, истото тоа што беше правило на македонските институции, ние не го видовме во Косово. Едноставно, мислам дека е наивна приказната во која можеме да веруваме дека косовскиот парламент и косовските лидери ја декларираат оваа резолуција без јасен а поткрепа од одредени структури на Меѓународната заедница и комплетно давање на подршка во она што понатаму треба да следува. Нормално, не сакам да споредувам со Босна, ќе потсетам дека таму исто така, референтот на Обединетите нации г-динот Петрич, неколку пати досега ги распушташе сите парламенти, неколку пати ги менуваше сите состави и на Хрватската, и на Српската и на Босанската Влада, за десет пати помали одлуки на нивните парламенти, на нивните политичари од она што ние денеска го имаме со меѓународниот проблем со Косово.

Во таа насока јас сакам само да потенцирам дека јас лично изразувам еден голем сомнеж во искрената намера на одредени меѓународни структури за траен мир, за трајна стабилност и трајно обезбедување на економскиот просперитет и на овие земји и конечно на овој регион.

Конечно, дозволете ми да се обратам, до колегите од албанските политички партии и до нивните лидери, Јас тука за нив не сакам да зборувам ништо повеќе. Знам дека се наоѓаат во многу тешка ситуација нашите две политички партии и ДПА и ПДП се наоѓаат во толку тешка ситуација што таа ситуација не може да биде потешка да се изјаснат против нешто што е од другата страна, од косовскиот парламент. Можам уште еднаш само да потенцирам колку било големо гласањето на ДПА кога требаше да се гласа за потпишувањето на границата меѓу тогашна Југославија, Србија и Црна Гора и на Република Македонија, а уште еднаш само ги сфаќам во каква ситуација тие како политички партии се најдоа кога бевме изложени на агресијата од страна на протекторатот,

ако нешто ви значи, Косово врз Македонија. Уште еднаш станува јасно во каква улога се најдоа тие и во колку тешка улога кога г-динот Фровик сакаше да ги запознава со тогашните политички лидери во Призрен и не можам тука ништо посебно да кажам како зборови на осуда и критика врз нив, затоа што ја разбирам нивната тежина да ги потсетам дека првиот член од Охридскиот договор е дека сите ние мораме да ја подржуваме сувереноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, а денеска имаме таков проблем и суверенитетот и територијалниот интегритет е на испит во прашање и уште еднаш ако може да прифатат една порака од мене. За целата криза, благодарение на косовската ситуација, ситуацијата изгледаше дека повеќе нелојални стуктури стојат зад албанските екстремисти и терористи. Денеска не преземањето ништо на меѓународната заедница да се донесе овој акт на косовскито парламент е сигурна порака од најмалиот албанец, до најголенмиот албанец, порака со кој тој ќе свати се е ваше имате отворени граници, борете се. Меѓународната заедница нема да превземе ништо, било какви крвави акции да превземете повторно према РМ. Нема друга порака освен да ви порача еве ја вашата граница, на територијата одете напред, ние не ви се мешаме во ништо.

Меѓутоа, сакам да кажам една проценка. Можеби првиот поглед на работите изгледа такво. Меѓутоа, длабоко верувам дека тие структури, кој денеска не даваат отворено и зелено светло да атакувате против македонскиот суверенитет и против границата, апсолутно немаат намера да направат големо Косово. Целта мислам дека е многу провидна и јасна. Трајна децениска дестабилизација на регионот. Тоа што албанското екстремизам е идеален и најподочлив да биде инструментализиран од истите тие болни комплекси е можеби прашање кое треба албанците самите да се освестат и да сватат. Меѓутоа, после оваа деценија која ја видовме наназад и онаа деценија која доаѓа мене едно ми е јасно, дека одредени меѓународни структури не само што немаат цел за тајна стабилност во регионот, туку трајната цел е комплетна дестабилизација на регионот, држење на регионот во една "шахмат "поззиција и од безбедносен и, и од политички и од еконосмки аспект.

Токму заради тоа, мислам дека победата против тие сили, кои имаат единствена цел дестабилизација на регионот, може да биде гласот на албанските политички партии за суверенитетот и интегритетот на РМ и мислам дека заедно со тоа, можеби е крајно време да се направи една средба меѓу македонски претставници, албански претставници и српски претставници, со единствен услов, на таа средба да нема ниту еден меѓународен претставник и конечно, самите да седнеме и да се потрудиме да најдеме трајни решенија.

Ваквите егзибиции Ве уверувам, на никој не го решаваат проблемот, албанците ќе бидат оној инструмент, кој ќе биде мотор на кризата, меѓутоа, на сите нас ни е гарантирана трајна децениска дестабилизација и нестабилност и на земјите и на регионот во кој живееме.

Благодарам, и верувам дека успеав да кажам неколку реченици зошто треба да се подржи оваа декларација, затоа што сметам дека навистина декларацијата која ја добивме од косовскиот парламент е вовед за една долга децениска дестабилизација на односите меѓу двата региона, меѓутоа, и на односите во целиот регион.

Благодарам. (Аплауз)

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, По излагањето на македонскиот премиер во Македонското Собрание во врска со безбедносната политичка состојба во Република Македонија, спомнувајки наназад и некои моменти околу преговорите во Рамковниот договор, пратеничката група на ВМРО-Македонска бара еден час пауза, за да го видиме стенограмот, да можеме да го разгледаме и да заземеме свој став во врска со Декларацијата.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Значи, ќе продолжиме во 18,00 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 18,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас сум за расправа и по полоши и небитни точки од ова што денес ни се случува и сметам дека Парламентот е институцијата која, не дека се расправа и по битни и по небитни прашања, а мислам дека штом стигне тука сите прашања се важни. Ова денешново е ептен важно прашање, прашање за кое треба да се расправа. И

покрај, така да ги наречам сугестиите на нашиве доктори на науки, Фрчковски, па и Тупурковски па и денешната изјава на г-динот Борис Трајковски кој вели, нели дека не е неопходно да се расправа по ова прашање затоа што одлуката на косовскиот парламент е ништожна, никаква, поништена и тн, заборавајќи при тоа дека одлуката на косовскиот парламент беше јасно манифестирана политичка волја на албанците од Косово. И тука секој оној кој поинаку мисли, сметам не само што е наивен туку дека е слеп при очи. Ако човек малку подлабоко види што е тоа што се случувало изминатите година, две па и 10 години, ми се чини дека Македонија е жртшка конспирација, да не кажам завера. Можеби од медиумите утре ќе кажат дека Флоровски фантазира, но следејќи ги чекорите кои се одвиваат не можам да се отргнам од впечатокот дека во Македонија, за жал, кумува една петта колона која оди во чекор со, така да ги наречам завереници од надвор или конспиратори кои си поставиле одредена крајна цел и претпоставувам, ако појако притиснат ќе стигнат до таа цел, без раплика, можеби, на нашите заложби тоа да не се случи. Во тој дух денес имавме една изјава од познатиот аналитичар, италијанец кој живее во Америка Паскали кој во денешен Вечер говори за некоја си идиотска петта колона во Македонија. Кој ќе се препознае во таа идиотска петта колона, претпоставувам дека нема да се јави, не е толку наивен, но нема причина да не ми се верува на човек кој ги познава и Европските и светските прилики многу подобро од нас. Дали некој, свесно или несвесно влегува во шемата на таа конспирација, сеуште не ми е јасно, но исто така се прашувам кој е тој кој претставува, можеби некоја туѓа агентура овде во РМ. Исто така кој е тој кој во минатата година ги кочеше процесите на преземање на одредени активности за сузбивање на терористичките акции во државата. Што е тоа што запад секојдневно ни ги пласира Што е тоа што секојдневно западните дипломати крстарат од институција до институција и не убедуваат дека чинот на Косовската декларација, фактички не е ништо. Ако не е ништо, што е причината да крстарат од Владата до министерство за одбрана, до МВР, па можеби утре ќе дојдат и до г-динот Црвенковски како лидер на СДСМ па ќе одат до друга политичка партија да ги убедуваат дека тоа што денес го правиме ние во македонскиот Парламент, фактични не треба да го правиме, затоа што Штајнер ја поништи одлуката на косовскиот парламент. А зошто истиот тој Штајнер не го распушти косовскиот парламент, како што направи Волфгдан Петриќ, повеќе пати во Босна.

Која е улогата на тројцата мускетари кои од денес почнаа да крстарат по македонските институции, Лероа, Батлер и не го знам третиот, не му го знам името, одат од министер до министер да не убедуваат дека денес македонскиот Парламент не треба да говори. На истиот тој трик наседна и г-динот Борис Трајковски, впрочем, нели и неговиот советник филозофот Фрчковски, тоа му го сугерираше. Значи тројцата мускетари олицетворени во ликот на Лероа, Батлер, третиот г-дин не го знам, мислам Џеникс. Четвртиот фали. Се плашам дека четвртиот е од македонска провиниенција. Исто така минатата година кога почнаа проблемите во Танушевци, не беа битни и нели се работеше за некоја мала групација на која треба соодветно да им се одговори, па ни се случи војна. Истото денес, за жал, ни го прават и впечатокот дека сме жртви на нешто покрупно и дека само ние овде македонскиот Парламент и македонските политички партии сме марионети, не е далеку од вистината. Очигледно дека некој над нас прави напори поинаку да ни ја скрои судбината.

Кој, фактички, е ставот на запад? Политика на топло-ладно. Многу битно прашање затоа што запад е тој кој ја креира политиката, не само во Македонија туку и на Балканот и пошироко и се она што ќе значи нивна заложба, во практика некој овде ја претвора. Политика на топло-ладно, почнувајќи од првите посети на Солана, Перdју и целата таа екипа, по оној принцип на добар и лош полицаец, едниот те тепа а другиот те брани а на крај завршуваш да го јадеш стапот, и така и така. За жал, Македонија доживува една таква судбина и тоа повеќе пати овде од мене е јавно кажано, да не кажам манифестирано преку јавен збор, дека мојата верба во западната дипломатија е колку што е вербата во ланскиот снег кој никаде го нема и дека се ова што се случува ме потсеќа на класично блудничење со Македонија, вкучително и со македонскиот народ, затоа што, верувам дека ние македонците сме искрено загрижени за опстанокот на оваа единствена македонска држава, за разлика, можеби некои други кои воопшто немаат интерес да остане РМ, а само глумат, божем се загрижени. Во тој контекс, нели, е извештајот на Европската комисија дека македонската власт, македонците и се она што е македонско е виновно за кризата што настана во Македонија и пошироко. Што тоа говори? Тоа говори дека сме им трн во око

на некои можеби, многу повисоки интереси. Некој ќе каже тоа е можеби во функција на научна фантастика, но ако се направи анализа ќе видите дека западот и не е баш благонаклотен кон она што ние како македонци сакаме да го направиме како македонци за оваа македонска држава. Не говорам за политички субјекти, за ВМРО или СДСМ, за нешто што е општ македонски интерес, не делејќи ги македонците. Во тој контекс можам искрено да кажам дека многу ми е мило што покрај потписот на Кралевски, како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ можам да го видам на г-динот Никола Поповски и уште двајца потписници од други политички партии. За жал, тука не ги видов потписите на координаторите на албанките политички партии. Кои се причините ќе видиме допрва затоа што имаме пријавени па ќе го слушнеме нивниот јавно кажан збор, дали искрено се загрижени за опстојот на РМ, или победени, да не кажам на чертанието на призренската лига, мечтаат за нешто друго, за нешто големо, заборавајќи при тоа дека сонот за големите држави одамна е свршен и завршен и дека ни запад кој денес одржува некои одредени малцинства нема да дозволи големи држави на Балканот затоа што не е во нивни интерес.

Што повеќе да кажам за она што западната политика ни го прави. Ни дава третман, буквално на мали деца. За жал мора да се признае дека не доведе во една ситуација, на прагот на XXI век, во 2002 година да имаме причина за војна. Мислам денешната расправа нема да помине туку така. Претпоставувам дека ќе имаме реакции на она што денес се случува во вид на напади на караули, или недај боже, ликвидации на луѓе со македонски униформи.

Одамна престанав да живеам во илузии дека некој кој живее со нас, вистински не сака, одамна и сите оние кои живееја во такви илузии да им кажам дека е време да се освестат дека таквата работа не држи, познавајќи ги добро приликите во Македонија, а и пошироко. Нели, овој фингиран потез кој некој ни го наменил и ние можеби треба да наседнеме, пак ќе кажам, времето ќе каже, но сметам дека тоа е подземна игра која и не е баш многу тешко да се прочита затоа што искуството на нас македонците, и претходните генерации и сегашните и идните не научи, колку толку, што е тоа што сакаат да ни го направат нашите добронамерни "пријатели", продавачи на западната демократија, да не кажам демагогија. Ќе се прашате од каде кај мене толкав излив на негодување, или можеби гнев, спрема она што доѓа од запад. Од едноставна причина, гледајќи ги колку расипано си играат со оваа Македонска држава и со овој македонски народ. Едноставна е причината. Причината исто така е, не сакам ниеден македонец да доживее егзодус, она што моите родители и јас го доживеав. Не сакам ниеден македонец од оваа РМ да си оди. За жал денес имаме ситуација, 70 до 80 илјади Македонци да неможат да се вратат во Западна Македонија. Тоа ни е заложбата, господо, на западната демократија, на тројцата мускетари и г-дата од преку барата кои декларативно ни даваат поддршка и домашната петта колона, а зад грб ни го копаат гробот. Ние мораме јасно и отворено да проговориме што фактички се случува во оваа македонска држава, без разлика на последиците кои можеме да ги имаме како политичка партија, дали Запад ќе не сака или не. Битно е еднаш да го кренеме овој македонски глас и да им кажеме да престанат да си играат со судбината на РМ, затоа што тие се главните креатори. Ниту, е ВМРО-ДПМНЕ ниту е СДСМ. За жал играме по нивните тактови, при тоа добивајќи некои ситни привилегии. Што ќе ни е власта ако ја нема Македонија. Што ќе ни е власта ако имам само една фиктавна Македонска држава во која некој друг ќе владее, а јас ќе фигурирам како фигура. Имаме таква ситуација, во ликот на г-динот наднас, ликот на Англиската кралица. Не ми треба такво владеење. Подобро е достоинствено човекот да си оди, не говорам лично за него, говорам за себе, од колку некој да ме гази секојдневно и со сламка тоа ми ја цица крвта. Ке продолжам кај големодржавните идеи. Ниту начертањето на САНУ не успеа, видовте и Милошевиќ како заврши и сите големо државни идеи на Балканот ќе пропаднат, господа. Не треба никој да се носи со визија дека ќе прави големи држави, големи народи, а фактички се многу мали нации. Фала му на бога имаме ум и разум и господ ни дал и малку сила и храброст и работите нема да поминат туку така, ако некој замисли поинаку. Имаме сопствени македонски ставови, не политички, национални. Некој пред мене спомна дека оваа територија станува зона на самракот. Што беше тоа зона на самракот? Имаше една ТВ серија, нешто мрачно се случуваше. Се плашам дека, исто така нешто мрачно се случува со нас. Но каде се корените на зоната на самракот. Сигурно не во македонците и Макеоднската држава. Не сме ние тие кои бараме големи држави. Бараме, она што е наше, да го сочуваме, без

да имаме некои територијални претензии. Што друго значи одлуката на косовскиот парламент, освен територијални претензии. Ништо повеќе, ништо помалку, туку да се грабне дел од македонската територија за што веќе, нели има расправано косовскиот парламент, сакајќи да одземат, незнам колку хектари македонска територија. Повеќе пати на нас ни е направено тоа, како македонци. И во случајот со Егејот и со Пиринот и во случајот со Прохор Пчински и во случајот со Качаник. Би биле наивни доколку би дозволиле, како македонци, таква работа. Не говорам за политички партии. Некој исто така овде спомна, мислам дека беше г-динот Дика дека после секоја изјава на некои косовски политичари, македонската страна реагира тврдо. Од едноставна причина, немаме доверба и никој од нив не покажа ни трунка храброст да се изгради таа доверба, а ни се јавуваат луѓе во ликот на тројцата мускетари и други кои велат е добро да се повлечат полициските пунктови затоа што народот се плашел и така се градела довербата. Ова се вика – „мижи асан да ти бајам". Човек треба да биде ептен наивен за да поверува во таквите "добронамерни" сугестии на четвртиот мускетар. За жал, македонци го прифаќаат тоа дека треба да се повлечат полициските и воените пунктови за утре некој по одредена територија си прогласи слободна зона и си прави што сака таму. Фактички причината била, ние сме потпишале, божемен договор со некоја фантомска држава, СРЈ, за границата. А што е Косово освен фантом, нешто непостоечко. И сите кои веруваат дека тоа ќе биде држава, ќе ви кажам дека многу тешко ќе помине тој филм, г-да гледајќи како се однесувате таму. Наводно зад одлуката на косовскиот парламент стоиме 90% од граѓаните. Точно е, ништо не е спорно.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Над 300 илјади албанци се истерани од Косово. Кој ќе ни гарантира да се вратат и тој процент од 90 да се симне на 70. Запад за жал сакајќи да направи нешто по нивен терк, направи етничка чиста држава од Косово која прашање е дали ќе биде држава? Не. Бидете убедени дека нема да биде така, дека ќе им требате додека имаат интерес од вас, бидете убедени. Не треба да живеете во илузии дека имате вечна љубов од Запад. Додека им требате, до тогаш, ништо помалку и ништо повеќе, додека ве искористат. А кои сте вие во нивниот живот, или ние, или било кој? Тие се премногу крупни играчи, играат на глобална политика, а вие господа сте едно зрнце песок, исто така и ние. Ако успеале еден Варшавски пакт да го клекнат на колена, немојте да мислите дека спрема вас ќе имаат илузии, ќе им требате додека можете да подмачкувате. Зошто мора да се признае дека парата буши таму каде што бургијата не буши дека сте тешки среброљубци. И тоа мора да се признае, а вие имате посебни афинитети кон таа работа. Најдовте слаба точка, никој не ви се лути, успеавте на некој начин. Кој ни е нас крив што како македонска држава не успеавме да најдеме модус да станеме поблиски и да им станеме посимпатични на Западот. Никој не ни е крив. Значи, господа на прагот на XXI век за Косово кога говориме е направено најголемото етничко чистење. Истото нас македонците ни се случува во Западна Македонија и никој на Запад уво не го боли за тоа, туку ни доаѓаат и ни претат дека денеска ќе го апсиме братот Љубе, утре ќе го апсиме Љубчо, ако дојде СДСМ ќе го апсиме министерот на СДСМ за војска и полиција, па на крај и Бранко и незнам уште кој, како ќе се менува власта, ако не сте мирни и ако многу скокате ќе ви удриме уште по една чворга. Народски кажано се чувствувам многу бедно што незнам дали дозволивме, но некој ни дава таков третман на малолетни деца.

Дали Македонија треба да се договара за границата со Косово? Пак ќе повторам. Немаме субјект со кого треба ние таму да преговараме, не постои фактичка власт, постои во рамки на локална самоуправа. Јасно велам дека не е тој Парламент, викајте го како сакате, викајте го и здружение на фараони, ваша работа е, но фактички таму нема со кого да се преговара. Според она што е договорено во Куманово 1999 година, јас колку што знам Косово е сеуште составен дел веќе непостои таа СР Југославија, постои Србија и Југославија. Добро е да се стремите да направите нешто. Но, исто така размислувајте дали вие ќе можете да живеете утре со косоварите доколку ако дојде една таква ситуација, или со албанците во Албанија. Штс мислите дека подобро живеат од вас? И дека би прифатиле едно ниво да се спуштите десет скалила подолу? Зошто да се носи декларација од македонскиот Парламент? Од едноставна причина. Јасно е изразена политичка волја на македонскиот политички субјект, ништо повеќе сега засега. И сметам дека таквата декларација треба да се донесе едноставно и на косоварите и секој

оној кој се залага за големи држави да им биде јасно дека работите нема да дадат баш едноставно и; просто како што тие замислуваат. И уште еднаш се спомна кога сме при крајот на Охридскиот договор. Се прашувам господа, зошто албанските политички субјекти и политички партии не испратат јасен сигнал до косовските политички субјекти, нивните браќа и побратими со јасен апел да престанат да ги напаѓаат македонските караули, туку не повикуваат овде дека ние македонците го минираме Охридскиот рамковен договор. Мора јасно и отворено да се каже дека некој ако го минира Охридскито рамковен договор, тоа се господа албанците, не овде во Македонија, тие што не сакаат мир. Вие господа сакате мир, говорам за тие што не сакаат. Да се испрати апел да престанат да ги напаѓаат македонците војници и македонските полицајци и да престанат да им бидат мета, жива мета македонските безбедносни сили. Излезете на оваа говорница, испратете една таква порака за да верувам дека имате искрени намери. Сето поинаку кажано ќе биде фата моргана и јасни позиции кој каде припаѓа. Нели со овие чинови кои се случуваат се доведува во прашање самиот Охридски договор и нели може во оваа прилика ние како македонски политички субјекти да го прогласиме Охридскиот договор за ништовен и да не го признаеме и да се вратиме на оној стар Устав наместо да правиме отстапки заради тоа што секојдневно ни беа емисарите од разно разни провиниенции. Ова е повик до сите потписници на Охридскиот рамковен договор да подразмислат дали постои модус да се раскине Охридскиот рамковен договор и да се вратиме на старите позиции, гледајќи дека не е во прашање, или не се во прашање човековите права, туку во прашање е нешто подлабоко, освојување туѓи територии. Овој апел е и до мојот лидер и до лидерот на СДСМ и до сите македонски лидери, тоа сте вие двајца, го потпишавте тој акт. Кој е тој што ги поткрева тензиите? Зошто секогаш причината се бара во нас македонците. Зошто еднаш јасно не се покажа со прст кои се вистинските кривци? За жал секогаш македонците се дежурни кривци, македонската држава е таа која не чини. И пак ќе се вратам со она што започнав. Еден повик до сите македонски политички субјекти да покажеме зрелост, да покажеме ако може национално единство по вакви битни прашања негледајќи утре дали ќе имаме последици и во самото коалицирање со одредени албански политички партии, туку јасно да им кажеме: стоп, макар и по пат на оваа декларација, стоп на големоалбанските аспирации. Мислам дека без разлика на кои политички партии припаѓаме, тука сме двогласни и дека нема да се најдат разно разни олеснувачи кои ќе пробаат да фрлат клинови во македонското национално единство како што го правеа лани од таа коалициона Влада трчајќи од премиерот со едни информации па до Бранко Црвенковски како лидер на СДСМ со други информации, правејќи смут и во таа коалициона Влада малку пошироко меѓу нас македонците. За жал на таквите состојби и тогаш и сега кумуваат ептен зелени типови, заборавајќи дека е избран од македонскиот народ, без разлика на политичката провиниенција кои гласале за него, заборавајќи притоа дека тој е претседател на Република Македонија, заборавајќи притоа дека Уставот јасно му налагал и тогаш и сега да ги брани македонските национални интереси. Па се прашувам господа што е тоа што го води тој човек?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте сега поединци да ставаме на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине Андов, сакам да го кажам следното дека сето ова што се случува, оваа папазјанија, оваа македонска чорба неможела без мирудијата наречена Борис Трајковски. Сакам да го кажам следното, дека доколку бев во опозиција на Борис Трајковски и било кој од нас кој македонски размислува, јас не преферирам на тоа нешто, можеби, еве, вие сигурно Македонија немаше да заврши со вакви последици, тоа го тврдам. Или можеби се работи за советниците кои се и советници на некоја друга страна, или нив ги советува некој од страна. За жал работите се такви и додека јас говорам господата се смејат, тоа е јасен сигнал за мене дека јас сум на вистинскиот и правиот пат. Но, има една друга работа, кој последен се смее, најслатко се смее. Тоа треба да го знаете. И уште еднаш ќе ви порачам да не живеете во илузии. Нема вечни пријателства, има само вечни интереси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас ќе се трудам да бидам максимално краток и да не надминам три до пет минути. Почитуван господине претседател, почитувани господин министер кој тука сте еве, како единствен

претставник од Владата со што и се сведочи за тоа колкав е вашиот интерес, мене тоа ме радува и ме бодри. Македонија минатата година, но најверојатно не само минатата година беше дефакто изложена на агресија. Таа агресија од воен карактер продолжува со тоа што се разликува интензитетот. Пилулите за смирување во вид на договор, дали е рамковен, дали охридски, мислам посебно дефектно беше насловот Охридски рамковен договор, затоа што Охрид е исходиште на културата и се тежнее кон тоа да се поништи тоа што настанало со Свети Климентовата школа. Тие пилули за смирување гледаме дека се од кусо дејствие, кусотрајно. Каде сме денеска? Какви се перспективите при толкав голем ангажман на меѓународни фактори, дали финансиски погледнете, дали воено, на пример сеуште да не може да се разјасни судбината на киднапирани лица, на лица чии роднини, или блиски седум месеци престојуваат тука во Парламентот. А ние продолжуваме со тоа да имплементираме рамка, или договор. Па јас незнам, мислам дека поголемо нанесување на сопствена штета не е ни замисливо, а уште потешко изводливо. Од тоа што сега претстои нам веројатно ќе ни се случи одново бура, одново динамити, одново бомби, атентати, одново снајперски огин врз униформи од македонската држава. Но, дали само врз униформирани лица? Лани беа под нишанот униформираните од безбедносните сили. Собраниево најде за сходно целата таа криза достоинствено, или не, да ја одмолчи, да не заседава. Денеска еве, негодуваме затоа што на Косово имало резолуција која ете нам не ни одговара и не само нам. Мислам дека многу доцниме и дека кабаетот во голема мера е тука. Јас се залагам за тоа пратениците да се нафатат со државни задачи. Да појдат во посета почнувајќи со имеил, почнувајќи со писма, не завршувајќи со физичко присуство кај своите колеги ширум Европа, ако не и понатаму **и** минимум уште во Вашингтон, но исто така и во другите центри да се чуе реалноста каква е, барем онака како ние ја доживуваме, реалноста на 130-тина запалени села, реалноста на раселени лица, реалноста на растргани семејства. Тоа е потребно да се каже на разни места Јас во моите контакти да ви кажам тоа дека често пати гледам недоумение кај соговорниците од странство, не им се верува дека нештата се така грозни, а се уште и полоши од тоа што јас умеам да раскажам и прикажам. До ден денешен, еве, тука е и министерот за внатрешни работи, полицијата во Република Македонија не се занимава со задачи од полициски карактер. Таа единствено што може, може да биде физички присутна во тие таканаречени реинтегрирани територии и средини, а и не само во нив. Нејзините задачи од полициски карактер се сведени на минимум. Таа не може да испита никаков сторен криминал. Од тука ние сме должни да бидеме будни. Донесувањето на една декларација е тука потребно. Јас само имам извесни двојби. Нема да навлегувам во сите од нив, ако веќе нешто се цитира и се наведува потребно е точните називи да бидат, овој договор од точката 8 се споменува за границата. Мислам дека поинаку гласи, тоа е договор за протегање и одбележување. Има и други места каде што би било упатно да се интервенира. И со тоа завршувам, посакувајќи едно темелно прегледување на овој текст за едноставно да остане набележано дека овде во Парламентот на Република Македонија се повело сметка за сите небулози кои се чуваат, па и под плаштот на УНМИК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Најпрвин дозволете ми да изразам едно незадоволство од причина што изгледа апсурдно, како Собрание, да работиме без службен текст на Собранието на Косово така што изгледа сме до крај несериозни и до крај неодговорни и го деградираме ова Собрание, оваа институција, расправајќи само врз основа на новинарските извештаи, односно папирите кои сме ги добиле од медиумите. Именот, јас и на Комисијата за надворешна политика барав да се дистрибуира службен текст, службената резолуција, па врз основа на тој текст ние сме компетентни тука да расправаме, наместо што правиме вака аматерски работи. Но, тоа е друго прашање. Изгледа ова прашање, за жал, премногу политички се димензионира и тоа овој пат не од страна на медиумите како што знаеме секогаш да ги обвинуваме, туку од страна на политичарите, носителите на јавните функции, владините функционери итн.

Ние, пред година и половина кога ја ратификувавме Спогодбата помеѓу СР Југославија и Македонија укажавме дека не би требало за ова чувствително прашање да се избрза, туку треба аналитички да се пристапи, да се изнајде прагматично решение, да се консултираат експерти и други познавачи на оваа материја за да можеме правно и

политички да заземеме став и дејствија соодветно на нашата реалност.

Значи, ние како институција, па и како поединци, и како водачи, ако сакате, не знаеме да се справиме со елементарните прашања од државнички карактер, не знаеме да дискутираме и да расправаме ладнокрвно, не знаеме рационално да постапиме и да изнајдеме опортуно решение, туку напротив знаеме, а можеби и сакаме со глава во зид да дејствуваме и да донесуваме клучни државнички одлуки. Во ова искажување да не се избрза, да се консултираат научни и стручни сегменти, да се изнајде рационално решение ПДП остана тогаш пред година и пол осамена, а целокупното Собрание и сите други пратенички групи тогаш гласаа за Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Југославија и Македонија.

Уште на почетокот да кажам дека воопшто не е вистина дека некој подржува промени и измени на границите, дека тука поддржува прашања кои се поврзани со територијалниот интегритет на државите, а најмалку дека некој поддржува територијални претензии од една кон друга структура, еве јас ќе признаам дека само од медиумите имам таков текст, прочитајте ја Резолуцијата ќе видите дека таа се однесува на Спогодбата, а не на самата граница, што значи практично се оспорува легитимитетот на едната од потписничките страни на договорот односно легитимитетот на СР Југославија во однос на Косово. Ако внимателно се прочита ќе стекнеме убедување дека на прашањето не може да се придаде такво значење кое тука се дава, туку треба да се види што е целта на таквите реакции и дали не во некоја мерка ги предизвикуваме таквите реакции ако некои одговорни структури или неодговорни структури можат да кажат, а и кажуваат дека Драгаш е наш или нашата граница е до Качаник сосема природно можеме да очекуваме дека некој нема симпатично да ги прими таквите изјави. Имено, веќе постојат сознанија дека им е понудено државјанство на многу граѓани од Драгаш, дури имаат и пасоши на Македонија и факитчки тоа делува и нема шанси да делува иритирачки за било каква политичка структура, па и на Косово. Наместо нашите структури, наместо нашите државни институции да се фатат за практичните прашања по однос на границата, да се решаваат тие прашања кои произведуваат тензии меѓу Косово и Македонија било да се работи за прашања кои се однесуваат за прецизирање на границата или за прашања кои им овозможуваат на граѓаните да имаат слободен пристап кон нивните ниви, нивните имоти, практично се политизира прашањето и тој што има државничка одговорност по најмалку мисли дека треба така. Сега изгледа се потврдија нашите искази и кажувања дека не секое прашање може да се решава со политички методи. По најмалку може некое чувствително прашање да се решава со закани, со притисоци, со емотивен пристап или со омаловажување, како што беа кажани од поедини функционери тука и пред неколку дена, посебно министерот за надворешни работи кој се осуди да ги навредува или позицијата на Косово да ја сведе на локална самоуправа. Постои меѓународна терминологија која се користи за подрачјата кои се под протекторат. Тие се несамоуправни подрачја било да се работи за мандат, протекторат, старателство итн. Со тоа ништо не се постигнува освен ако некој има за цел да се самозадоволи со тоа, практично со тоа завршувам, напротив, таквите настапи само ќе ја комплицираат работата. Ништо не може да се постигне со игнорирање на реалноста, со игнорирање на проблемите затоа ние сме тука да се справиме со проблемите, да ги констатираме проблемите, да ги анализираме, па по можност да ги решаваме на задоволство на сите страни. Поинаков пристап е незрел политички, па и неодговорност, па и целокупна опасност.

Кога човек, сега не размислувам за носител на јавна функција или политички функционер или државнички функционер, туку едноставно како граѓанин кога би помислил за што се работи во конкретниот случај и кога би консултирал некој стандарден или просечен експерт ќе констатираше дека прашањето е од правен карактер или попрецизно од меѓународно правен карактер. Зошто?. Затоа шта прашањето може да се види, па ако сакаме да се вклучиме во оваа материја и практично и правно, практично од причина што можеме да видиме како сличните ситуации се решавале последните 50-тина години и второ, како ова прашање е нормирано во меѓународното право односно меѓународните конвенции кои го уредуваат прашањето на склучување на

меѓународни договори. Од практична причина веќе реков дека имаме 50-тина случаеви кои можеме да ги наведеме тука, но нема поради времето, да кажеме дека не самоуправните подрачја така што во доктрината на меѓународното право се викаат земјите под протекторат, мандат или старателство кога требало да се склучи некој меѓународен договор кој точно ги тангира интересите на тоа подрачје компетентен да склучува таков договор бил само управителот - државата или меѓународната структура или група на држави или меѓународни организации како што е на пример ООН, па и други регионални организации. Еве, ќе ви дадам пример. Не зборувам за времето кога Алжир беше колонија на Франција од причина што тогаш од аспект на меѓународното право се сметаше како територија на таа држава, меѓутоа, во транзициона фаза имаме неколку спогодби кои Франција ги склучила во име на Алжир како тогашно несамоуправно подрачје, а подоцна стана независна држава. Или имаме спогодби во однос на релациите Индија - Англија или ако сакате многу слична на состојбата на Косово ја имаме провинцијата Сабе или Катанга во односите Заир - Конго кога практично ООН беа директно инволвирани во склучување на привремената спогодба за тие провинции. Тогаш, ако некој се сеќава добро погина Даг Хармаршалд кој беше генерален секретар на ООН. Еве премиерот ова прашање го спореди со Пакистан односно односите помеѓу Пакистан и Индија и многу црно, за жал, гледаше кон ова прашање. Мислам дека таквите прашања околу 30% од државите имаат нерешени меѓугранични односи, па дури и најсилните држави. Ние знаеме односите помеѓу Русија и Јапонија во однос на Курилските острови, тоа прашање се протега веќе 40 или 50 години и е во фаза на решавање. Или односите меѓу Русија и Кина во однос на реката Амур или во однос на Грција и Турција или конкретно во нашето соседство во однос на Словенија и Хрватска за заливот. Но, политиката е тука да ги релаксира односите и фактички поприродно да се решаваат сите прашања наместо да ги затегнуваат како што ние правиме денеска тука.

Значи, според меѓународното право читајќи ја Виенската конвенција за склучување на меѓународни спогодби прашањето не дека се оспорува границата, не дека се има територијални претензии, мислам дека тоа никој паметен не го поддржува тоа, туку е во прашање дека се оспорува легитимитетот на едната од потписничките на таквата спогодба. Тоа не е Македонија, значи некој не ја оспорува Македонија како потписничка на таа спогодба, меѓутоа, очигледно според меѓународното право тоа право го немала СР Југославија барем во делот во однос на Косово. Најмалку може да биде тој договор и таа спогодба тространа што значи помеѓу СР Југославија, Република Македонија и надворешните претставници кои фактички вршат протекторат врз Косово без оглед на тоа какви биле нивните односи со тогашниот привремен Совет на Косово.

Што е можно сега да се направи? Ако сакаме да изнајдеме решение, мислам дека би требало да се пристапи многу ладнокрвно кон преговорите и да се направи анекс спогодба за прецизирање и мислам дека со тоа прашањето ќе се реши. Изгледа дека ова прашање намерно, јас имам таков впечаток, се трасира и се форсира тука газејќи можеби по националните интереси на државата, по виталните интереси на државата, сето ова се прави во недостаток да се искажат или да се направат тие работи што биле ветени тоа што се вели резултати и што се општи интереси на граѓаните, тоа што беше ветувано на граѓаните и така мора да се покрива реалноста дека сепак, за жал, државата ни е толку сиромашна што спаѓа меѓу 10 најнеразвиени држави во светот. Дури инциденти кои се случуваат тука според многу важни и релевантни информации изгледа се фингирани или измонтирани или контролирани од причина што некој или сака прашањето да го интернационализира или сака внатрешните односи да ги диригира во правец на тоа воопшто да нема парламентарни избори прикажувајќи ја државата како нестабилна и незрела да одржи избори и да се продолжи понатаму со владеење.

Некој тука се повикува и на политички заговор, за политика која бара непријатели, предавници, светски заговор, петоколонаши, мислам дека таквите апсурди директно ќе не судрат со целиот свет, таква политика очигледно претрпела најголем успех во Србија.

Друго што сакам да кажам премиерот кажа работи кои мислам се до крај неодговорни имено, ова прашање кое

се однесува на релацијата Косово - Македонија најверојатно ќе се рефлектира во прашањето на спроведувањ е на Рамковниот договор. Ве молам, тоа е толку апсурдно, прашањето на Рамковниот договор е прашање на почитување или непочитување на Уставот, затоа што тие определби се дел од правниот поредок, дел од нашиот Устав и секое политичко искажување против тоа значи игнорирање на Уставот, непочитување на Уставот, директно кршење на Уставот. Мислам дека во сегашната состојба две работи можат да се направат. Прво, или треба да се изнајде доблест и да се седне ладнокрвно да се разговара за некоја своевидна анекс спогодба со претставниците на УНМИК кои веројатно ќе комуницираат и со легитимните претставници на Косово или ако сакаме прашањето, како што реков на почетокот, да го гледаме од правен аспект, тогаш можеме слободно да бараме толкување на Конвенцијата за склучување на меѓународни договори, еве постојат и меѓународни судии кои можат да дадат советодавно мислење, па да ни дадат правничко толкување како и кој може да склучи договор во однос на дел од Косово. Со тоа фактички ние прашањето можеме лесно да го надминеме од причина што ќе имаме меѓународно компетентно толкување на Конвенцијата за склучување на меѓународни договори. Се друго мислам дека е штетно за државата и сите во регионот. Декларацијата што се предлага тука мислам дека е нестручна и веријатно тие што ја составувале Декларацијата немале добро знаење во однос на принципите на меѓународното право така што не само што не се познава дипломатската комуникација, не се знае кои се субјектите на меѓународното право кои можат да склучуваат договор, туку не се знае и кој е меѓународно правниот легитимитет во склучувањето на меѓународните спогодби било да се работи за двострани или повеќестрани спогодби.

Со ова сакам да завршам, ова прашање не би требало да добие преголема политичка конотација, со тоа ништо не може да помогне, туку само ќе одмогне, туку само со рационално решение, само со барање рационален излез од ова прашање веројатно ова може да заврши добро. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ние сега ќе прекинеме со работа, а ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот.)